(770) ADRIS GRUPA d.d.

Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**

Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03365**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.

Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**

Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **04030**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.

Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**

Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03366**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03367**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03368**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03371**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03372**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03373**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03374**

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **03376**

(450) 30.09.1996

(770) TVORNICA DUHANA ROVINJ, d.d.
Obala V. Nazora 1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) 03377

(450) 30.09.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **01511**

(450) 31.03.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **Budget Rent A Car System, Inc.**
6 Sylvan Way, Parsippany,
New Jersey 0054, US

(111) **03753**

(450) 30.06.1996

(770) BRAC Rent A Car Corporation
4225 Naperville Road, Lisle,
Illinois 60532, U.S.A.

(732) **R & A Bailey & Co**
Nangor House, Wester Estate Nangor Road, Dublin 12, IE

(111) **03816**

(450) 30.06.1996

(770) Licorerias Unidas, S.A.

Carretera Barquisimeto Acarigua, km 44 La Miel-Barquisimeto, Estado Lara Zona Postal 3001, Venezuela

(732) **TDR d.o.o.**

Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

---

(111) **05593**

(450) 30.09.1997

(770) ADRIS GRUPA d.d.

Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **Capri Sun AG**

Neugasse 22, 6300 Zug, CH

---

(111) **05935**

(450) 31.12.1997

(770) DEUTSCHE Sisi -WERKE GmbH & Co. Betriebs KG

Rudolf-Wild-Strasse 4-6, 69214 Eppelheim/Heidelberg, Germany Fed.Rep

(732) **TDR d.o.o.**

Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

---

(111) **03508**

(450) 31.03.1996

(770) ADRIS GRUPA d.d.

Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **Gallaher Limited**

Members Hill, Brooklands Road, Weybridge surrey KT13 0QU, GB

---

(111) **03770**

(450) 30.06.1996

(770) J.R.FREEMAN & SON LIMITED

Members Hill, Brooklands Road, Weybridge, Surrey KT 13 OQU,

Great Britain

(732) **Carlsberg Breweries A/S**

Ny Carlsberg Vej 100,

1760 Copenhagen V, DK

---

(111) **02780**

(450) 30.06.1996

(770) Carlsberg A/S

Valby Langgade 1, 2500 Valby, Denmark

(732) **Gallaher Limited**

Members Hill, Brooklands Road, Weybridge Surrey KT13 0QU, GB

---

(111) **01417**

(450) 31.03.1996

(770) J.R. FREEMAN & SON, LIMITED

Members Hill, Brooklands Road, Weybridge, Surrey, KT13 OQU,

Great Britain

(732) **RCA TRADEMARK MANAGEMENT SA**

46 quai alphonse Le Gallo, 92100 Boulogne Billancourt - France, FR

---

(111) **04283**

(450) 31.03.1997

(770) GENERAL ELECTRIC CAPITAL AUTO FINANCIAL SERVICES INC.,

a Delaware corporation

540 West Northwest Highway, Barrington, Illinois 60010, U.S.A.

(732) **PREMIER AMBIENT PRODUCTS (UK) LIMITED**

28 The Green, Kings Norton,

Birmingham B38 8SD, GB

---

(111) **04283**

(450) 31.03.1997

(770) Conopco Inc.

390 Park Avenue, New York,

New York 10022, U.S.A.

(732) **PREMIER AMBIENT PRODUCTS (UK) LIMITED**

28 The Green, Kings Norton,

Birmingham B38 8SD, GB

(111) **04322**

(450) 31.03.1997

(770) UNILEVER PLC
Port Sunlight, Wirral, Merseyside,
CH62 4ZD, Great Britain

(732) **SHELL BRANDS INTERNATIONAL AG**
Baarermatte, 6340 Baar, CH

(111) **06013**

(450) 31.03.1997

(770) SHELL INTERNATIONAL PETROLEUM COMPANY LIMITED
Shell Centre, London SE1 7NA,
Great Britain

(732) **CEDEVITA d.o.o.**
Planinska bb, 10000 Zagreb, HR

(111) **06719**

(450) 31.12.1998

(770) PLIVA d.d.
Ulica grada Vukovara 49 10000 Zagreb, Croatia

(732) **TDR d.o.o.**
Rovinj, Obala V.Nazora 1, HR

(111) **06579**

(450) 31.12.1998

(770) ADRIS GRUPA d.d.
Obala V. Nazora br.1, Rovinj, Croatia

(732) **Norgips GmbH & Co. KG**
Grosse Rosenstr. 21, 34117 Kassel, DE

(111) **06579**

(450) 31.12.1998

(770) NORGIPS AS
Torkop, N-3060 Svelvik, Norway

(732) **Norgips GmbH & Co. KG**
Grosse Rosenstr. 21, 34117 Kassel, DE

(111) **03259**

(450) 30.09.1996

(770) Norgips GmbH Gebaude & Bauartikel
Grosse Rosenstr. 21, 34117 Kassel, Germany Fed.Rep

(732) **Jafa Worldwide Holdings (Lux) S.a.r.l. a Luxembourg company**
174 Route de Longwy, L-1940 Luxembourg, LU

(111) **04642**

(450) 30.09.1996

(770) CDRJ North Atlantic (Lux) S.a.r.l.
174 Route de Longwy, L-1940 Luxembourg , Luxembourg

(732) **Carlsberg Breweries A/S**
Ny Carlsberg Vej 100,
1760 Copenhagen V, DK

(111) **08350**

(450) 31.03.2002

(770) Carlsberg A/S
Valby Langgade 1, 2500 Valby, Denmark

(732) **NOVARTIS INTERNATIONAL PHARMACEUTICAL LTD,**
a corporation organized and existing under the laws of the Bermuda
Hurst Holme, 12 Trott Road,
P.O. Box HM2899, Hamilton HM LX, BM

ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА

(111) **01920**

Правото на трговската марка престанува да важи на 23/08/2005

(111) **04796**

Правото на трговската марка престанува да важи на 05/08/2005

(111) **06268**

Правото на трговската марка престанува да важи на 11/07/2005

(111) **06474**

Правото на трговската марка престанува да важи на 12/09/2005

(111) **06475**

Правото на трговската марка престанува да важи на 13/09/2005

(111) **06479**

Правото на трговската марка престанува да важи на 13/09/2005

(111) **06487**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/09/2005

(111) **06488**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/09/2005

(111) **06517**

Правото на трговската марка престанува да важи на 16/08/2005

(111) **06519**

Правото на трговската марка престанува да важи на 21/09/2005

(111) **06520**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/09/2005

(111) **06522**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/09/2005

(111) **06524**

Правото на трговската марка престанува да важи на 20/09/2005

(111) **06525**

Правото на трговската марка престанува да важи на 09/08/2005

(111) **06527**

Правото на трговската марка престанува да важи на 22/09/2005

(111) **06528**

Правото на трговската марка престанува да важи на 22/09/2005

(111) **06529**

Правото на трговската марка престанува да важи на 25/09/2005

(111) **06540**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06555**

Правото на трговската марка престанува да важи на 25/09/2005

(111) **06556**

Правото на трговската марка престанува да важи на 25/09/2005

(111) **06557**

Правото на трговската марка престанува да важи на 25/09/2005

(111) **06558**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06559**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06560**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06561**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06570**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/09/2005

(111) **06571**

Правото на трговската марка престанува да важи на 02/10/2005

(111) **06615**

Правото на трговската марка престанува да важи на 17/08/2005

(111) **06631**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/07/2005

(111) **06634**

Правото на трговската марка престанува да важи на 05/09/2005

(111) **06640**

Правото на трговската марка престанува да важи на 16/08/2005

(111) **06651**

Правото на трговската марка престанува да важи на 01/09/2005

(111) **06652**

Правото на трговската марка престанува да важи на 01/09/2005

(111) **06653**

Правото на трговската марка престанува да важи на 01/09/2005

(111) **06654**

Правото на трговската марка престанува да важи на 01/09/2005

(111) **06664**

Правото на трговската марка престанува да важи на 28/09/2005

(111) **06692**

Правото на трговската марка престанува да важи на 18/08/2005

(111) **06693**

Правото на трговската марка престанува да важи на 26/09/2005

(111) **06695**

Правото на трговската марка престанува да важи на 26/09/2005

СПОЈУВАЊЕ НА ФИРМА

(111) **00258**

(450) 31.12.1994

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **04029**

(450) 30.09.1996

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **03648**

(450) 31.03.1996

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **05297**

(450) 31.03.1997

(732) Samsonite Corporation

11200 East 45th Avenue, Denver, Colorado 80239, US

(111) **04279**

(450) 31.03.1997

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **04281**

(450) 31.03.1997

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **04288**

(450) 31.03.1997

(732) BESTFOODS,

a Delaware Corporation

700 Sylvan Avenue, International Plaza, Englewood Cliffs, N.J. 07632, US

(580) 16.05.2006

(111) **06945**

(450) 30.09.1999

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **07077**

(450) 31.12.1999

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **07902**

(450) 31.12.2001

(732) Diageo Brands B.V.

Molenwerf 10-12, 1014 BG Amsterdam, NL

(111) **09812**

(450) 31.12.2003

(732) Monster Worldwide, Inc.

1633 Broadway, New York,

N.Y. 10038, US

(580) 07.08.2006

ЛИЦЕНЦИ

(111) **01248**

(450) 31.12.1995

(210) MK/T/ 1994/91869

(111) **01250**

(450) 31.12.1995

(210) MK/T/ 1994/91871

(111) **01403**

(450) 31.03.1996

(210) MK/T/ 1994/91877

(111) **01412**

(450) 31.03.1996

(210) MK/T/ 1994/91886

ИСПРАВКИ

(111) 0**4170**

(450) 31.03.1997

Се врши исправка на времето на важење на трговската марка и тоа наместо 08.03.2004 треба да гласи:

(181) 15.01.2014

(580) 13.06.2006

(111) 0**0458**

(450) 30.06.1995

Се врши исправка на времето на важење на трговската марка и тоа наместо 06.04.2004 треба да гласи:

(181) 05.04.2004

(580) 07.08.2006

(111) 0**1187**

(450) 31.12.1995

Се врши исправка на времето на важење на трговската марка и тоа наместо 18.09.2014 треба да гласи:

(181) 20.12.2014

(580) 07.08.2006

(111) 0**1676**

(450) 31.03.1996

Се врши исправка на времето на важење на трговската марка и тоа наместо 27.05.2014 треба да гласи:

(181) 12.10.2013

(580) 07.08.2006

(111) **01676**

(450) 31.03.1996

Се врши исправка на името на носителот на правото на трговската марка и тоа наместо Apollinaris Schweppes GmbH, Gruner Deich 15-17, 20097 Hamburg, DE, треба да гласи:

(732) Appollinaris & Schweppes GmbH,

Gruner Deich 15-17, 20097 Hamburg, DE

(580) 07.08.2006

(111) **03868**

(450) 30.09.1996

Се врши исправка на името на трговската марка и тоа наместо GUDE MEESTER, треба да гласи:

(540) OUDE MEESTER

(580) 07.08.2006

(111) **04311**

(450) 31.03.1997

Се врши исправка на името на носителот на правото на трговската марка и тоа наместо Apollinaris Schweppes GmbH, Gruner Deich 15-17, 20097 Hamburg, DE, треба да гласи:

(732) Appollinaris & Schweppes GmbH,

Gruner Deich 15-17, 20097 Hamburg, DE

(580) 07.08.2006

(111) 0**4929**

(450) 30.09.1996

Се врши исправка на времето на важење на трговската марка и тоа наместо 20.01.1995 треба да гласи:

(181) 16.06.1994

(580) 13.06.2006

(111) **05385**

(450) 30.06.1997

Се врши исправка на името на носителот на правото на трговската марка и тоа наместо Predsiebiorstwo „POLMOS" Bialystok, Spolka Akcyjna, ul. Elewatorska 20, 15-950 Bialystok, PL, треба да гласи:

(732) Przedsiebiorstwo „POLMOS" Bialystok, Spolka Akcyjna ul. Elewatorska 20, 15-950 Bialystok, PL

(580) 13.06.2006

(111) **05385**

(450) 30.06.1997

Се врши исправка на правото на првенство на трговската марка и тоа треба да гласи:

(220) 19.09.1994

(580) 13.06.2006

ГРБОВИ, ЗНАМИЊА И ДРУГИ ДРЖАВНИ АМБЛЕМИ, КРАТЕНКИ ИЛИ НАЗИВИ НА МЕЃУНАРОДНИ И МЕЃУДРЖАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

ИМЕ, КРАТЕНКИ, АМБЛЕМИ И ЗНАМЕ НА ОПЕК ФОНДОТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ (OFID)

Име: THE OPEC FUND FOR INTERNATIONAL DEVELOPMENT

Кратенки: OFID
THE OPEC FUND

Амблеми:

Знаме:

OPEC - Organization of the Petroleum Exporting Countries

ОД РЕГИСТАРОТ НА ЗАСТАПНИЦИТЕ

Рег. бр.

Рег. бр.

ВПИШАНИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗАСТАПНИЦИ

121. ТРПЕНОСКИ, Леонид, адвокат
ул. "Максим Горки" бр. 18 локал 8
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 389 02 3296- 465
факс. 389 02 3296-557
e-mail: leonidtrpenoski@mt.net.mk

122. Друштво за деловни услуги
ВИП АГЕНСИ ДОО Скопје
ул. "Владимир Комаров" 18А/1-5
1000 Скопје
Република Македонија
тел/факс. 389 02 3111-235
e-mail: vipagency@mt.net.mk

ИЗБРИШАНИ ОД РЕГИСТАРОТ НА ЗАСТАПНИЦИ

82. СИМОНОВСКИ, Драган, адвокат
ул. "Пајко Маало" бб
1000 Скопје
Република Македонија
тел.389 02 3237-810

II ИЗВЕСТУВАЊА

I.

Предлози за промена на стандардот за електронско поднесување и постапување според Договорот за соработка во областа на патентите – PCT кој , ако се прифати ќе резултира во измени на анекс Ф од "Administrative Instructions under the PCT" е испратен според Правило 89.2(б) од Правилникот според PCT, до националните и регионалните патентни заводи и други организации кои се корисници на PCT системот . Овие предлози се достапни на ***WIPO интернет страницата:*** *http:// www.wipo.int/pct/efiling_standard/en.*

Постојат 1,029,388 записи за влез во национална фаза , како и иформација за статусот за 451,619 PCT пријави кои се достапни на ***PatentScopeSearch Service на интернет страната:*** *http://www.wipo.int/pctdb.*
Ова важно достигнување е резултат на соработка помеѓу Светската организација за интелектуална сопственост -WIPO и некои патентни заводи како Австралија, Белиз, Бугарија, Канада, Кина, Германија, Израел, Нов Зеланд, Република Кореја, Романија, Шпанија, Турција, и Обединетото Кралство кои редовно ја информират Светската организација за интелектуална сопственост – WIPO за PCT пријавите кои влегле во национална фаза пред нивните заводи.
Со користење на INPADOC базата на податоци ќе бидат вклучени информации од Австрија, Данска, Џорџија, Јапонија, Кенија, Латвија, Литванија, Руска Федерација, Словачка, Словенија и Узбекистан.

Генералниот директор на Светската организација за интелектуална сопственост WIPO свечено го поздрави министерот за надворешни работи и имаше чест да го извести за депонирањето од страна на ***Владата на Република Гватемала*** *на 14 јули 2006 на инструментот за пристапување на Договорот за соработка во областа на патентите PCT усвоен во Вашингтон на 19 јуни 1970, дополнет на 28 септември 1979, изменет на 3 февруари 1984 и 3 октомври 2001.*
Спомнатиот Договор ќе стапи во сила, во однос на Република Гватемала на 14 октомври 2006.

Генералниот директор на Светската организација за интелектуална сопственост упати комплименти кон министерот за надворешни работи и го извести за депонирањето од страна на владата на ***Република Гватемала*** *на 14 јули 2006 на инструментот за пристапување нав Будимпештанскиот договор за меѓународно признавање на депонирање на микроорганизми за потребите на патентна заштита,, усвоен на 28 април 1977 во Будимпешта, дополнет на 26 септември 1980 август 2004 година.*
Спомнатиот Договор ќе стапи во сила, во однос на Република Гватемала на 14 октомври 2006.

III СТАТИИ

Д-р Симеон Гелевски
редовен професор

РЕШАВАЊЕ НА УПРАВНИ ПРЕДМЕТИ ВО РАЗУМЕН РОК И МОЛЧЕЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

1. ***Решавање на управни предмети***

Утврдената политика во собранијата со која се регулираат општествените, економските, културните, социјалните и други односи, преточени (изразени) во материјалните норми и прописи, органите на државната управа се должни да ја извршуваат, да ја оживотворуваат и непосредно да ја применуваат на конкретни управно-правни ситуации и односи. Во тоа се состои суштината на дејноста на органите на управата во решавањето на управните работи. Правно, таа се изразува преку примена на општите материјални норми (апстрактни правни правила), врз конкретни ситуации и односи, при што за граѓаните и за другите правни субјекти се создаваат управно-правни односи со кои се решава за нивните со закон утврдени права, обврски и интереси, при што сето тоа правно се изразува во конкретниот управен акт, односно решението.

Решавањето на управните работи претставува право и должност на органите на управата. Во вршењето на овие дејности, нејзините носители се самостојни во рамките на законите и другите прописи, па никој не може врз нив да врши влијание каков конкретен акт ќе донесат во конкретна управна ситуација. Сепак, вршењето на оваа дејност не е ниту оставено на апсолутната слободна волја на управните органи и на другите органи и организации и заедници кои решаваат управни работи врз основа на јавни овластувања - туку нејзиното вршење е регулирано во формално-правна смисла со Законот за општата управна постапка.

Според Законот за општата управна постапка сите органи кои се надлежни да решаваат управни работи се должни да се придржуваат до законската процедура во утврдувањето на материјалната вистина, како и во доследната примена на цела низа управно-процесни институти (правила) со кои се гарантира законитоста в о постапката на донесувањето на решението.

Доследната примена на начелото на законитост во вршењето на оваа дејност е од посебна важност како во неговата материјална смисла, така и во формално-правна смисла. Имено, со материјалните норми на апстрактен (неопределен) начин се утврдени правата, обврските и интересите на правните субјекти, како и условите кои треба да бидат исполнети за да се остварат тие права, обврски и интереси. Задачата на овластените органи кои решаваат управни работи се состои во тоа да испитаат и утврдат во една со закон регулирана и определена постапка, дали во конкретниот случај се исполнети законските материјални услови за да се признае некое право или, пак, дали постојат со закон предвидените услови за да се определат одредени обврски.

Решавањето на управните работи претставува основна дејност на органите на управата во која доаѓа до израз нивната карактеристика како органи на власта, па доколку решенијата доброволно не се извршуваат, зад нивното реално извршување стои присилба на државните органи.

Со право се поставува прашањето дали оваа најстандардна управна дејност добива нови содржини во согласност со развиениот степен на новите општествени односи? Се

предвидуваат две појдовни премиси: првата е дека управните органи се должни своите функции да ги вршат на начин кој ќе соодветствува на положбата на човекот и граѓанинот, а тоа значи и дејноста во решавањето на управните работи да се усогласи со нивната нова уставно-правна положба.

Од втората премиса произлегува дека органите на управата во рамките на своите права и должности се должни со својата работа на работните луѓе и граѓаните и на другите правни субјекти да им обезбедат ефикасно остварување на нивните права и интереси.

Овие две премиси и поконкретно ќе ги објасниме.

Првиот аспект се изразува во новиот начин на вршење на општата управна функција, односно во тој контекст и во дејноста на решавањето на управните работи. Тоа значи дека органите на управата кога создаваат управно-правни односи и кога донесуваат решенија ќе мораат тоа да го прават на нов начин кој ќе биде во согласност со новата положба на човекот и граѓанинот во демократското граѓанско општество, во согласност со нивните гарантирани слободи, права и должности, со нивното слободно творештво, здружување и активности, како и со начелото на рамноправност.

Со право се инсистира и во оваа класично-управна дејност да се сочува достоинството на нашиот човек и граѓанин, а решавањето на управните работи да се врши на начин кој ќе е во согласност со неговиот севкупен граѓански статус. Пренесено на теренот на конкретните управно-правни односи тоа означува таков нов приод, во конкретна реализација на своите права или на своите обврски, да може да го почувствува во вистинска смисла на зборот гарантираниот уставно-правен статус, при што управно-правните односи, успешно и самостојно да се ослободат од остатоците на управно-бирократските елементи. Се разбира, овој нов приод во решавањето на управните работи во никој случај не смее да се одрази врз квалитетот на законитоста во решавањето на конкретните управни предмети. Напротив, смислата на иновацијата е насочена кон зголемувањето на гаранциите за објективност и законитост во решавањето на управно-правните работи.

Вториот аспект во решавањето на управните работи во својата нова димензија се изразува во должноста на органите на управата на граѓаните да им обезбедат ефикасно остварување на нивните права и интереси во создавањето услови и во преземањето мерки со кои се олеснува и овозможува што побрзо и попотполно остварување на нивните права и интереси, односно извршување на нивните обврски, како и да им се даде помош во остварувањето и во заштитата на нивните права и интереси.

Конкретен придонес на остварувањето на овој аспект на иновацијата, е воведувањето на начелото на ефикасност и во Законот за општата управна постапка. Според ова начело, органите, организациите и заедниците се должни при решавањето на управните работи да обезбедат ефикасно остварување на правата, обврските и интересите на граѓаните, како и на другите субјекти во управно-правните односи. Во врска со тоа, се предвидува должност за органите на управата, тие да ги решаваат барањата на граѓаните во пропишаните рокови, како и должност да ги разгледуваат и да им даваат одговори на нивните претставки и предлози. За органите на управата кои непосредно комуницираат и општат со граѓаните се предвидува обврска, вршењето на работите да го организираат на таков начин, што на граѓаните ќе им овозможат полесно и во пократка постапка остварување на нивните права, односно извршување на нивните обврски.

Спрема службениците во управата, ќе се спроведува итна постапка доколку во комуницирањето и општењето со граѓаните појават неправилен однос, па нивните претставки и жалби ќе подлежат на експедитивно и приоритетно разгледување.

Спомнатите модалитети во однос на иновациите во решавањето на управните работи, ќе бидат должни да ги почитуваат и организациите и заедниците и здруженијата на граѓаните кога во вршењето на јавни овластувања решаваат за правата, обврските и интересите на граѓаните, работните луѓе и на другите правни субјекти.

Сите овие новини имаат единствена цел да се обезбеди ефикасно, брзо, законито и демократско остварување на правата, обврските и интересите на работните луѓе и

граѓаните, како и на другите субјекти во управно-правните односи, односно во решавањето на управните работи.

2. ***Решавање на управни предмети во разумен рок и молчење на администрацијата***

Решавање во разумен рок е изрично барање за економично и ефикасно решавање на предметите, за разумно траење на постапката, за стандард кој треба да се издигне на ниво на општ и основен принцип во управно-процесното право.

Разумен рок претставува норма, односно стандард за временска должина во решавањето на одделни управни предмети. Колку време ќе трае одредена управна постапка ќе зависи од сложеноста на управниот предмет, од видот на правната заштита што се бара во конкретниот случај, од бројот на странките и учесниците во управната постапка, како и од други специфични елементи и критериуми.

Со почитување и уважување на решавање на управни предмети во разумен рок се утврдува и правен стандард за временска должина и временско траење на еден управен процес[1]. Под поимот разумен рок се подразбира време доволно за да се утврди основаноста или неоснованоста на барањето за решавање на конкретен управен предмет. Според м-р Камилоска, поимот разумен рок претставува правен стандард кој ја афирмира брзината на решавањето, а ги исклучува непотребните одолговлекувања, со чие почитување граѓаните се здобиваат со право кое им гарантира правна сигурност.

Поимот разумен рок е една не баш прецизна правна формулација која е релативна и во основа зависи од тежината и сложеноста на управниот предмет што треба да се решава. Затоа и се тргнува во изнаоѓање и утврдување на еден општо прифатлив рок за решавање и на комплицирани и сложени предмети. Тој рок во принцип изнесува два месеци, или во оправдани ситуации дополнително уште еден месец, а за едноставните управни, предмети важи правилото тие да се решаваат итно и во што пократок разумен рок.

Решавањето на управните предмети е потребно да се оствари во разумен рок и без одолговлекување затоа што граѓаните очекуваат да си ги остварат или да си ги заштитата своите со Устав и со закон утврдени права. Сепак, во редовната управна практика должината на управната процедура иако со закон лимитирана на еден месец или најдоцна два месеци, многу често е долготрајна, неизвесна и спора. (пример, постапките за денационализација како еклатантен случај во управната практика во Република Македонија навистина траат со години, па дури и намерно се одолговлекуваат).

Бавното решавање на управните предмети што понекогаш се од исклучително значење за странките (пензија, социјална помош, дозвола за обавување на некоја дејност, висина на даночна обврска, враќање на имот, личен статус итн.) за странките значат противправно и незаконито одбивање на службена обврска и должност на управата од страна на управните службеници.

Сето тоа граѓаните ги обесхрабрува за да веруваат во принципот на законитост и владеење на правото, па во крајна линија и да немаат верба во правната држава.

Во Република Македонија со Стратегијата за реформа на државната администрација, со процесните промени во ЗОУП, со новиот Закон за управни спорови и низа персонални, технички и други иновации и мерки (воведување на едношалтерски систем и електронска управа) сериозно се настојува да се извршат значајни поместувања во правец на забрзувањето на управните процесни дејствија и во решавањето на управните предмети во разумен рок.

Решавањето во разумен рок на барањата на странките е како што веќе рековме нивно уставно, законско субјективно право, а за управните органи и органите и субјектите со јавни овластувања нивна правна обврска и должност. Но, во практиката чести се случаите

1 М-р Татјана Зороска-Камилоска: *Траење на парнична постапка и правото на судење во разумен рок*, докторка дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2006, стр. 56 – 61 и понатаму.

на молчење на администрацијата при што странките не добиваат никаков одговор.

Овој проблем не е проблем од најновото време – туку како таков се провлекува мошне одамна. Државите преземале бројни мерки за негово надминување и порано, но тој постои и денес, па и во актуелниот момент и историскиот контекст во Република Македонија.

Мора да се изнајдат сигурни и ефикасни правни средства (пред сè) со кои општеството ќе се брани од неактивноста на администрацијата.

Молчењето на администрација е пропуст во вршење на службена должност кој на одреден правен начин треба да се регулира, да се лимитира и да се санкционира.

Постојат две претпоставки при молчење на администрацијата:

Првата претпоставка е дека органот кога молчи се смета дека позитивно го решил случајот. Тоа е многу ретко (исклучок од правилото) и само во со закон предвидени случаи, затоа што би можело да дојде до намерни злоупотреби во неговата зачестена примена.

Втората претпоставка, т.е. правило е: кога администрацијата молчи да се смета дека барањата на странките се одбиени.

Во управната теорија и практика познато е постоење на три вида молчење на администрацијата. **Прва ситуација** – кога првостепениот орган молчи и кога не донесува решение во определен рок; **Втора ситуација** – кога второстепениот орган молчи и не донесува решение по повод поднесена жалба против првостепен управен акт; и **Трета ситуација** – кога Врховниот суд на Република Македонија, или во иднина Управниот суд молчи и не одлучува по поднесена тужба против конечно решение на државната или јавната управа.

Очигледно е дека ќе биде потребно да се обезбеди правна заштита против сите три облици на молчење на администрацијата.

3. *Правна заштита од молчење на администрацијата*

Во ЗОУП во посебни одредби е предвидена максимална правна заштита за странките (поединците и правните лица) од неактивност и молчење на администрацијата.

Во понатамошната анализа во овој дел од труд ќе ги презентирам нормативните правни решенија во ЗОУП и во ЗУС со пропратен коментар на тие законски решенија.

А) Прва правна ситуација

а) Рок за издавање на првостепено решение

Во случајов станува збор за првата правна ситуација на молчење на администрацијата кога првостепениот орган молчи и не донесува решение во определениот рок. Оваа управно-правна ситуација во новиот ЗОУП е регулирана во член 221 кој гласи:

„(1) Кога постапката се поведува по барање на странката односно по службена должност, ако е тоа во интерес на странката, а пред донесување на решението не е потребно да се спроведува посебна испитна постапка, ниту постојат други причини поради кои не може да се донесе решение без одлагање (решавање на претходно прашање и друго), надлежниот орган е должен да донесе решение и да и го достави на странката што побрзо, а најдоцна во рок од еден месец, сметајќи од денот на предавањето на уредното барање, односно од денот на поведувањето постапка по службена должност, ако со посебен пропис не е определен пократок рок. Во другите случаи кога постапката се поведува по повод барање на странката, односно по службена должност ако е тоа во интерес на странката, надлежниот орган е должен да донесе решение и да го достави до странката најдоцна во рок од два месеца ако со посебен пропис не е определен пократок рок.

(2) Ако надлежниот орган против чие решение е допуштена жалба, не го донесе решението и не го достави до странката во пропишаниот рок, странката има право на жалба како да е одбиено нејзиното барање.

(3) Надлежниот орган, ако не е во можност да го донесе решението во законскиот рок (од еден месец, односно два месеца) е должен најдоцна во рок од осум дена по истекот на законскиот рок за решавање, писмено да ја извести странката за причините поради кои не го донел решението во определениот рок.

(4) Надлежниот орган е должен да го определи новиот дополнителен рок за донесување на решението, односно да ја упати странката за можноста да покрене постапка поради молчење на администрацијата."

Заради забрзување на постапката и заради спроведување на начелото на економичност и ефикасност во решавањето на управните работи, ЗОУП во став 1 на член 221 пропишува рок во кој решението во управната постапка мора да се издаде. Овој рок не е ист за сите решенија, туку зависи од природата на управната работа што се решава. Така, кога постапката се поведува по барање на странката, а пред донесување на решението не е потребно да се спроведе посебна испитна постапка, ниту постојат други причини заради кои не може да се донесе решение без одлагање (решавање на претходно прашање и др.) - надлежниот орган е должен да го донесе решението и да го достави на странката што побргу, а најдоцна во рок од еден месец сметајќи од денот на предавањето на уредното барање, доколку со посебен пропис не бил определен пократок рок.

Во останатите случаи, кога постапката се поведува по повод барање на странката, надлежниот орган е должен да го донесе решението и да и го достави на странката најдоцна во рок од два месеца, ако со посебни прописи не е определен пократок рок.

Практичното правно значење на овие рокови се состои во тоа, што по нивниот истек се смета (презумпција) дека е донесено негативно решение, односно дека странката била одбиена, па таа има право на жалба поради молчење на администрацијата.

Согласно став 3 доколку органот не е во можност да го донесе решението во законскиот рок (најдоцна во рок од 8 дена) должен е писмено да ја извести странката за причините заради кои не можел да го донесе решението во законскиот рок.

Согласно пак, член 221 став 4 надлежниот орган е должен да определи нов, дополнителен рок во кој ќе го донесе решението, односно ќе ја упати странката да покрене постапка поради молчење на администрација.

Ова е добро решение затоа што странката веднаш ќе знае што да преземе, бидејќи порано незнаејќи остануваше да чека да и се донесе решение, понекогаш во недоглед.

Б) Втора правна ситуација

б1) Жалба кога првостепено решение не е донесено
б2) Рок за донесување решение по жалба

Втората правна ситуација има две разврски, и тоа:

Првата разврска настанува кога второстепениот орган одлучува по жалба поради молчење на администрација (кога првостепено решение не е донесено, член 246 од ЗОУП).

Втората разврска настанува кај второстепениот орган кога е поднесена жалба. Во новиот ЗОУП во член 247 е регулирана неговата обврска за решавање по жалбата, односно во кој рок тоа треба да биде сторено.

Најнапред во трудот ќе стане збор за првата разврска за:

б1) Жалба кога првостепено решение не е донесено

Првата разврска на втората правна ситуација е регулирана во член 246 од ЗОУП, кој гласи:

„(1) Ако жалба изјавила странка по чие барање првостепениот орган не донел решение (член 221 став (2)) од овој закон, второстепениот орган ќе бара првостепениот орган да му ги соопшти причините поради кои не е донесено решение во рокот. Ако најде дека не е донесено решение во рокот поради оправдани причини, или поради вина на странката, на првостепениот орган ќе му определи рок за донесување на решение, кој не може да биде подолг од 30 дена. Ако причините поради кои не е донесено решение во рокот не се оправдани, второстепениот орган ќе бара првостепениот орган да му ги испрати списите на предметот.

(2) Ако второстепениот орган може да ја реши работата според списите на предметот, ќе донесе свое решение, а ако не може, сам ќе ја спроведе постапката и со свое решение ќе ја реши работата. По исклучок, ако второстепениот орган најде дека постапката побрзо и поекономично ќе ја спроведе првостепениот орган, ќе му наложи да го стори тоа и собраните податоци да му ги достави во определен рок и потоа сам ќе ја реши работата. Ваквото решение е конечно."

Првостепениот орган согласно начелото на ефикасност и економичност во работењето е должен по барање на странката да донесе решение што побргу, а најдоцна во рок од два месеци. Ако решението не биде донесено во пропишаниот рок настапува молчење на администрацијата и согласно законот постои претпоставка (законска презумпција) дека барањето на странката е одбиено, односно дека е донесено негативно решение.

Во таква ситуација, иако не е донесено решение за да се заштити странката од арбитражната управа која не сака да решава, таа има право на жалба до непосредно повисокиот орган како нејзиното барање да било одбиено. Кога ќе ја прими жалбата, второстепениот орган веднаш ќе побара известување од првостепениот орган да му ги каже причините заради кои не го донел решението во законскиот рок. Ако најде дека решението не било донесено од оправдани причини, или поради вина на самата странка – ќе му определи на првостепениот орган примерен рок за донесување на решението. Овој рок не може да биде подолг од еден месец. Кога, пак, оцени дека причините заради кои решението не било донесено во рок, не се оправдани, второстепениот орган ќе ги побара да му се испратат списите на предметот.

б2) Рок за донесување решение по жалба

Втората разврска на втората правна ситуација е регулирана во член 247 од ЗОУП, кој гласи:

„(1) Решение по жалбата мора да се донесе и да и се достави на странката штом е тоа можно, а најдоцна во рок од два месеца сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.

(2) Ако странката се откаже од жалбата, постапката по жалбата се запира со заклучок."

Второстепениот орган, исто така е обврзан во одреден рок да донесе решение по повод поднесена жалба. Согласно став 1 на член 247 решението по жалба мора да се донесе и да и се достави на странката што е можно порано, а најдоцна во рок од два месеци сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен покус рок.

Во наведениот рок второстепеното решение мора да и биде доставено на странката која ја поднела жалбата. Меѓутоа, второстепениот орган по правило, не врши непосредно доставување на своето решение на странката што се жалела.

Бо случај странката да се откаже од жалбата (може и тоа да се случи) второстепениот орган ја запира постапката со заклучок. Против овој заклучок не е допуштена жалба, но може да се покрене управен спор.

В) Трета правна ситуација

в1) Управен спор во случај на молчење на администрација

в2) Молчење на судот по повод тужба за молк на администрацијата
в3) Молчење на администрација во исполнување на судска пресуда во управен спор

Третата правна ситуација има три варијанти:
под в1) Кога се покренува управен спор поради молчење на администрацијата;
под в2) Кога судот молчи и не ја решава тужбата поради молчење на администрација;
под в3) Кога администрацијата молчи во исполнување на судска пресуда во управен спор.

в1) Управен спор во случај на молчење на администрацијата

И покрај законските обврски на доносителите на решенијата дека тие се должни навремено и ефикасно да решаваат за правата и обврските на граѓаните и на другите субјекти во управната постапка, сепак во практиката се случува администрацијата „да молчи", да не донесува решение, а цо тоа странката да ја остава да чека и таа да не може да ги оствари своите права. За да нема нејасни ситуации и неизвесности, законодавецот процесуално ја заштитува странката од ваквото пропуштање на решавање на управни работи од страна на надлежните управни органи и други овластени доносители на решенија. Имено, ова од причина што управен спор може да се води по правило само против управен акт, а бидејќи при „молчењето на администрацијата" токму тој управен акт го нема, па на тој начин се оневозможува водење на управен спор, односно се оневозможува судска контрола. За да се спречи оваа блокада, ЗУС во член 22 ја предвидува следнава процесуална можност:

„Ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во посебно пропишан одреден пократок рок не донел решение по жалба на странката против првостепениот орган, а не го донесе ниту во понатамошниот рок од седум дена по повторено барање, странката може да поведе управен спор како жалбата да и е одбиена. На тој начин може да постапи странката и кога по нејзино барање не донел решение првостепениот орган против чиј акт немало место за жалба.

Ако првостепениот орган против чиј акт има место за жалба во рок од 60 дена или во посебно пропишан одреден пократок рок не донел никакво решение по барањето, странката има право да се обрати со свое барање до второстепениот орган. Против решението на второстепениот орган странката може да поведе управен спор, а може според спомнатите услови да го поведе и ако тој орган не донесе решение".

Со споменатите управно-судски (пред сè) процесни можности ѝ се дава шанса на странката во случај на молчење на администрацијата да може да покрене управен спор иако не е донесен управен акт. Во случајот се поаѓа од фикција и од претпоставка, имено, иако решение (управен акт) не е донесено за да може да биде предмет на управен спор, се претпоставува дека органот, ако во толкав пропуштен рок не решавал, ја одбил странката и дека е донесен конкретен акт (решение) со кое странката била одбиена од своето барање.

Тужбата поради молчење на администрацијата не може да биде неблаговремена, туку само предвремена, односно предадена пред да изминат 60 дена за донесување на решението или пак предадена и пред рокот од 7 дена по „опомената" да се донесе управниот акт, односно решението.

в2) Кога судот молчи и не ја решава тужбата поради молчење на администрацијата

Поради преоптовареност со предмети на Врховниот суд на Република Македонија, редовната постапка во решавањето на управните спорови е мошне бавна и во просек трае од 1 до 2 години, па и до три години. Станува збор за апсолутна неефикасност, а со тоа и за непочитување на начелото за решавање на судските спорови во разумен рок. Ваквата состојба се провлекува со години при што Врховниот суд со својот актуелен персонален судски состав не е во можност да ги решава во разумен рок. Оттука, сосема се разбирливи

најновите промени во ЗУС од 2006 година со кои се предвидува да се формира нов Управен суд кој ќе ги решава овие предметот во пократок рок – затоа што ќе биде организиран како специјализиран суд и со зголемен број на судии (19). Меѓутоа, до почетокот на идната, 2007 година, кога треба да профункционира новиот Управен суд, а се разбира и потоа, додека се намали заостанатиот број на управни предмети што тој ќе ги преземе – веројатно ќе има случаи на молчење на судот и на оддолжување (засега без законски лимит до кога и во кој рок тоа е можно) на решавањето на редовните тужби, но и на тужбите поради молчењето на администрацијата.

Во непишаната практика на Врховниот суд досега важеше непишано правило на тужбите поради молчење на администрацијата да им се дава приоритетно значење, итно и по обичај побргу да се решаваат. Меѓутоа, законска обврска за приоритет на нивно решавање не постои. Затоа пак постои правен институт „барање за давање предимство или приоритет во решавањето на управни спорови (тужби)" – кое се поднесува до претседателот на Врховниот суд на Република Македонија кој во оправдани случаи за редовните тужби, а особено за овие поради молчење на администрацијата, – во принцип редовно им одобрува приоритетно решавање.

в3) Администрацијата молчи во исполнување судска пресуда во управен спор

Кога странката поведе управен спор поради молчење на администрацијата (туженият орган не го донел управниот акт), а судот најде дека е оправдано, тој со пресуда ќе ја уважи тужбата и ќе определи во која смисла надлежниот државен орган да донесе решение (член 52 од ЗУС).

Пресудата во спорот поради молчење на администрацијата е специфичен вид пресуда, зошто овде предметот на пресудата не е управен акт, бидејќи него и го нема, па судот не може ниту да го поништи. Судот во овој случај, според самата логика на работите, може да избира меѓу две алтернативи:

– самиот да ја реши управната работа, односно спорниот однос, во кој случај надлежниот орган нема потреба да донесува управен акт; или,

– да ја уважи тужбата и да определи во која смисла надлежниот орган да донесе свое решение.

Нашиот ЗУС ја усвои втората алтернатива, па пресудата во случај на молчење на администрацијата не го решава спорниот однос, туку определува во која смисла надлежниот орган да донесе решение, во сè постапувајќи според судската пресуда поради молчење на администрацијата.

Ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт не донесе веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена, нов управен акт или акт во извршување на пресудата донесена по тужба поради молчење на администрација, странката може со посебен поднесок да бара донесување на таков акт од судот што ја донел пресудата. Ако надлежниот орган не донесе акт ниту за седум дена од ова барање странката може да бара донесување на таков акт од судот. По таквото барање судот ќе побара од надлежниот орган известување за причините поради кои не го донел актот.

Надлежниот орган е должен да го даде ова известување веднаш, а најдоцна во рок од седум дена. Ако тој тоа не го стори, или ако даденото известување според наоѓање на судот не го оправдува неизвршувањето на судската пресуда, судот ќе донесе решение кое во сè го заменува актот на надлежниот орган. Судот ова решение ќе го достави до надлежниот орган за извршување и за тоа истовремено ќе го извести органот кој врши надзор.

Органот надлежен за извршување е должен без одлагање да го изврши ваквото решение (член 53 од новиот ЗУС).

IV СООПШТЕНИЕ

Со решение бр.33-4276/1 од 10 септември 2006 година, директор на Државниот завод за индустриска сопственост е господинот Бајрам Амети.